Дневник, (XIV), 3931, 30. 3. 2007, В

## @ ПИСМА

# Скулптурата постоела далеку пред политичарите

Верувам дека во светот многу одамна завршиле расправите по прашањето дали се потребни или не скулптурите во јавниот простор. Дури мислам дека тоа прашање е затворено уште во добата на неолитот. Кај нас не е. Постојат во Скопје политичари и новинари што уште се двоумат. Мислам дека во светската културна историја тоа е невиден феномен. Скопски феномен.

Поверојатен, но не и неапсурден ми се гледа ставот кон ова прашање од страната на некои политиканти (чиј цврст и радикален став на моменти потсетува на иконоборството од талибанските екстремисти), но верувајте, не можам да разберам како е можно на еден таков примитивен начин од страна на некои новинари да бидат секојдневно злоупотребени скулптурите (создадени од личности со име и презиме), кои се вградуваат во скопската Општина Центар, за толку спротивни на уметноста прашања како што се: асфалт, контејнери, трговски центри, бутици, светска финансиска криза, облачно или дождливо време, социјалдемократија или десница...

Едноставно речено, појавата на творечкото дело чија суштина и намена е разјаснета уште од почетокот на светот им остана неразјаснета на нашите новинари. Уметничкото дело не му припаѓа целосно на законите од овој свет, уметноста не потекнува од овој свет на материјата и таа постои во светот само како автономна супстанција на Божествената суштина! Творечкото дело не подлегнува под судот на овоземните Евклидовски закони. Не е создадена скулптурата во видливиот свет само заради украс, разубавување или амблем на некоја општина, улица, маало или плоштад, туку пред се заради потврда на вечниот творечки дух над потрошувачко-паразитскиот принцип кај човекот (колку еден автор успеал во тоа е негова лична одговорност пред делото и публиката). Скулптури во светот се поставени пред да бидат измислени градовите, музеите, урбанистичките планови, социјалните установи, дневните весници, новинарите и политичарите. Во пештерите наоѓаме скулптури, Египќаните резбале во карпите на далечните пустини, Вероника го моделира Христовиот лик според страдалниот одраз втиснат на ризата некаде по патот до Голгота, Бенвенуто Целини во најтемниот период на ренесансата, сред епидемии и војни го излеа својот „Персеј“во Фиренца. Од каде тоа право еден журналист или политикант да суди за уметничкото дело според неговото социјално или урбанистичко минливо расположение?! Дури и ако тргнеме од социјалата. Го поставил ли некој политичар-иконоборец прашањето за социјалниот статус на вајарите во нашава земја? Како преживува кај нас тој вид на луѓе? Нека ми одговорат ТАЛИБАНЦИТЕ!

НИКОЛА ПИЈАНМАНОВ ЛИКОВЕН УМЕТНИК

# Театарската претстава „ЌЕ“

Деновиве сме сведоци на предизборна кампања, на разни политички митинзи по градовите и медиумите. Едноставно мозоците ни се ставени на перење. Без разлика која партија зборува, политичарите се со слични ветувања за подобра иднина. Секогаш е присутна граматичката наставка за идно време „ЌЕ“.

Ќе изградиме, ќе отвориме, ќе придонесеме, ќе се залагаме, ќе вработиме... секаде „ЌЕ“. Така деновиве самите се пазиме еден од друг да не си кажеме кој за кого ЌЕ гласа.

А што да речат оние што не се приклучени на ниту една партија. Оние што немаат ниту еден вработен од фамилија, оние што беа испратени во Ирак, а сега се без работа?

Изгледа дека сите се наоѓаме на една театарска претстава. Политичарите се главни актери кои само повторуваат „ЌЕ, ЌЕ...“ Нивните сопартијци се статисти, а ние народот мирно гледаме, кој најмногу ќе вети на претставата... за подобро утре.

НИКОЛОВСКИ ЉУПЧО